**Известување за концентрација со која КФП сметководствено друштво д.о.о., (KFP računovodska skupina d.o.o.), Република Словенија, ќе стекне контрола над КОНТАЛ д.о.о., деловни услуги, Нова Горица (CONTALL d.o.o., poslovne storitve, Nova Gorica), Република Словенија,**

**(предмет бр. 08-56/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 05.03.2025 година, а дополнето на 03.03.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која КФП сметководствено друштво д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, стекнува самостојна контрола над КОНТАЛ д.о.о., деловни услуги, Нова Горица, со регистрирано седиште на адреса Ерјавчева улица 2, 5000 Нова Горица, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**КФП сметководствено друштво д.о.о.** е друштво со посебна намена основано на 12 февруари 2025 година со цел да учествува во Предложената трансакција во својство на директен стекнувач.

Неговите директни содружници се:

- РОБЛЕК, деловно советување, д.о.о. , кој поседува 80% удел во вкупната основна главнина на КФП, и
- КФ ФИНАНС, друштво за проценки и финансиско советување, д.о.о. кој поседува 20% удел во вкупната основна главнина на КФП.

Роблек и КФ Финанс, а со тоа и КФП сметководствено друштво д.о.о., се наоѓаат во поширокиот состав и под самостојна контрола на АЛФИ Групата, поради што се сметаат за еден учесник на пазарот во смисла на членот 5 од Законот за заштита на конкуренцијата.

АЛФИ Групата гледана во најширока смисла има регистрирано локално присуство преку индиректно зависно друштво и остварува приходи во Северна Македонија преку трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции.

АЛФИ Групата врши анализира на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата. Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема

инвестиции, ниту деловни активности во областа на сметководствените, книговодствените и ревизорските услуги, и даночното советување во Република Северна Македонија.

**КОНТАЛ д.о.о., деловни услуги, Нова Горица** е словеначко друштво основано во 1993 година кое обезбедува услуги од областа на финансиското и сметководственото советување, односно:

- сметководствени услуги (водење деловни книги, изработка на финансиски извештаи, вклучувајќи и за време на процесот на припојување и стекнувања);
- ангажирање во својство на надворешни соработници за услуги на пресметка на плати и други лични приходи;
- контролинг (управување со имот на трговски друштва, остварување ефикасно управување со ресурси и трошоци, управување со деловен учинок);
- советување (даночно, финансиско, деловно);
- кадровски услуги (спроведување процес на вработување, ревидирање на интерни компаниски документи, изработка на систематизација на работни места);
- изработка на анализи за работењето (финансиска, даночна, правна анализа);
- подготовка на деловни планови и пријави за јавни набавки;
- анализа на пазарот (анализа на производи, потенцијални купувачи и конкуренти, подготовка на конечни извештаи и презентации).

Наведените услуги КОНТАЛ д.о.о., првенствено ги нуди на претприемачи и мали и средни трговски друштва.

КОНТАЛ д.о.о., нема регистрирано присуство во Северна Македонија и не остварило приходи во Северна Македонија во 2024 година.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како *пазар за сметководствени, книговодствени и ревизорски услуги, и даночно советување*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.03.2025 година
Скопје